РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-187/1
13-01-2026 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 26-тата седница одржана на 30.12.2025 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот со број 12-2092/1 од 05.08.2025 година, оформен врз основа на поднесена пријава против --------, директор на ЈП „-------"--------, **СЕ ЗАПИРА**.

ДКСК утврди дека, нема елементи за натамошно постапување согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Предметот со број 12-2092/1 од 05.08.2025 година да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 05.08.2025 година, поднесена е пријава со наводи против -----, директор на ЈП „-------"------- и оформен е предмет број 12-2092/1 од 05.08.2025 година.

Имено, во пријавата се наведува дека директорот на ЈП „------"-------, во текот на 2023, 2024 и 2025 година, преку јавното претпријатие им овозможил на одредени лица без правен основ да полнат цистерни со вода од хидранти за различни намени (за потреби за градежни фирми и за наводнување на земјоделски површини), при што се полнеле цистерни со различна носивост, а за дел од нив биле издадени и фактури.

Се посочува дека надземните хидранти се дел од системот за снабдување со вода, со намена за гасење пожари и немаат водомери за вода, и од нив паушално се полнеле цистерни со вода.

Заради утврдување на фактичката состојба по пријавените наводи, ДКСК достави барање до ЈП „------" – ------ за доставување на податоци и информации со документација поврзани со безправното користење на вода од хидранти во ------.

Од увидот во податоците, информациите и документацијата доставени како одговор на Барањето на ДКСК, утврдена е следната фактичка состојба:

ЈП „-----" – -----, полнело цистерни со вода за нивни потреби и за одредени правни субјекти, и секое полнење било контролирано од страна на стручно овластено лице вработено во претпријатието.
Што се однесува за потребите на претпријатието, полнењето го вршеле по потреба, односно кога ја чистеле депонијата, ги миеле улиците и кога ја транспортирале водата до правните субјекти со кои немале водоводна линија.
Во однос на давањето услуга на правни субјекти кои полнеле цистерни со вода, се посочува дека станувало збор за субјекти кои изведувале градежни работи на територијата на Општина ----- и со истите биле склучени два (2) договори каде е уреден начинот на полнење и начинот на фактурирање на водата, и тоа:
Договор за уредување на меѓусебните права и обврски меѓу давателот на услугите и корисникот на услугите број ----- склучен на --.--.2024 година, со ДОО „--------" Скопје застапувано од директорот ------ и Договор број ------ склучен на --.--.2024 година, со ДОО „------" ДОО ------, застапувано од директорот ---------.

Имено, со овие договори биле регулирани меѓусебните права и обврски меѓу давателот на услугите и корисникот на услугите со важност на определено време, се додека корисникот има потреба и изведува градежни активности на територијата на Општина --------.
Согласно овие договори, во член 3 е регулирано дека, поради тоа што давателот на услугата нема поставено водомер на ниту еден од хидрантите, количината на потрошената вода се утврдува на начин што секое поединечно полнење се фактурира според максималниот капацитет, односно нето носивоста на цистерната што се полни. Понатаму, утврдено е дека цената по м$^3$ вода ќе се фактурира согласно важечкиот ценовник на претпријатието за правни работи, предложен од Регулаторната комисија за енергетика на Република Северна Македонија и усвоен од Совет на Општина ------, како и дека секое полнење на

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

вода мора да биде извршено од стручно овластено лице од давателот на услугата, за кое ќе биде издаден налог од истиот.
Во член 4 е регулирано плаќањето за извршената услуга ќе се врши по доставена фактура за месечната потрошувачка на вода.
Додека во член 5 е регулирано корисникот на услугата е должен и се обврзува дека редовно ќе ги плаќа месечните сметки за извршената услуга.

По барање на ДКСК доставени се и аналитички картички и фактури од сите купувачи на вода од хидранти за испорака на вода, од каде може да се утврди дека правните лица кои ги полнеле цистерните во хидрантите на ------ се фактурирани согласно склучените договори.

Од горенаведеното, ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување по предметот и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Адем Чучуљ

Изготвил: м-р Ф.О., Советник
Контролирал: м-р К.З., Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., Раководител на сектор
Одобрил: З.Б., Член на ДКСК

Доставено до:
-подносителот на пријавата